Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Е-Билтен бр.14
# јули 2017

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на АкРРа (Акција за рурален развој) и во никој случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.



## Национален рурален парламент како глас на руралното население

Ул.:„Коста Веселинов„ бр. 3а,
1000 Скопје
Р. Македонија
Т: +389 (2) 3075 506
F: +389 (2) 3075 503
email: info@ruralnet.mk
zg.akrra@yahoo.com

Партнери на проектот

CNVP

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АкРРа
АКЦИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# Отворање на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“ финансиран од ЕУ

Фондацијата за поврзување на природни вредности и луѓе во соработка со МРР на РМ (Мрежа за рурален развој на Република Македонија) и АкРРа (Акција за рурален развој), на 10 април, во ЕУ Инфо центарот, го одбележаа отпочнувањето на проектот **„Национален рурален парламент како глас на руралното население – НРП“.**



Врз основа на претходно идентификуваните потреби и ограничувања на граѓанските организации од руралните области, проектот беше дизајниран да го зајакне влијанието на граѓанското општество врз локалните и националните политики поврзани со руралниот развој. Ова ќе се постигне преку зголемување на капацитетот на руралните граѓански организации за вмрежување и застапување, со цел да влијаат на процесите за донесување одлуки и да придонесат во стратешкото партнерство со локалните и националните власти.



Проектот НРП е 30 месечен проект финансиран од Европската Унија, а имплементиран од гореневедените три партнерски организации.

Активностите ќе вклучат 40 локални организации од руралните средини, просечно 5 граѓански организации во секој од 8-те плански ргиони во Македонија, вклучувајќи малцинства и повеќе етнички групи. Главниот метод за работа ќе биде обука, коучинг и практично учење. Овие методи ќе ги поттикнат руралните граѓански организации да бидат активно вклучени во процесите за донесување на одлуки и ќе го зајакнат нивниот глас во општеството.

Крајните корисници на проектот се луѓето кои живеат во руралните средини.

На крајот од периодот на имплементација, се очекува проектот да ги постигне следните 4 резултати:

- Зголемен пренос на знаење помеѓу руралните граѓански организации поврзано со предизвиците во руралните средини и донесувањето на одлуки;
- Изграден капацитет кај руралните граѓански организации (ГО) за водење на процеси за рурален развој;
- Развиени вештини за истражување и анализа кај руралните ГО;
- Олеснет ефективен дијалог помеѓу руралните ГО и локалната/ националната власт.




# Граѓанските организации ќе работат заедно за да ги подобрат политиките за рурален развој

Во текот на мај и јуни 2017 година. проектот ***„Национален рурален парламент како глас на руралното население - НПР“***, организираше 7 од вкупно 8 средби со граѓанските организации во југоисточен, источен, југозападен, североисточен, пелагониски, вардарски и полошки регион, со цел да ги поттикне да дискутираат за можностите за нивна поголема вклученост во креирањето на политиките поврзани со руралниот развој, како и да идентификува организации кои активно работат во областа на руралниот развој. Околу 130 претставници на граѓански организации учествуваа на состаноците организирани во: Пехчево, Струмица, Струга, Тетово, Битола, Куманово и Неготино.

Проектот ги организираше овие средби со граѓанските организациите за да ги претстави планираните активности и да поттикне поактивно учество на организациите во процесот на градење капацитети за вмрежување и застапување. На овој начин, проектот се стреми да го зајакне влијанието на граѓанското општество преку негово вклучување во креирање-





то на јавните политики, граѓански дијалог и процесите на донесување одлуки за подобрување на условите за живот во руралните средини.

Средбите со граѓанските организации во 8-те плански региони на Република Македонија ќе бидат искористени како основа во креирањето на регистар на активни граѓански организации кои работат во полето на руралниот развој. Во рамките на оваа активност, проектот ќе спроведе теренско истражување со цел да идентификува колку што е можно повеќе рурални граѓански организации коишто работат на теми поврзани со руралниот развој.

Проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“, финансиран од Европската Унија, започна да се спроведува во март 2017 год. од страна на трите партнерски организации: Фондацијата за поврзување на природни вредности и луѓе (CNVP), Мрежата за рурален развој на Република Македонија (МРР на РМ) и Акција за рурален развој (АкРРа). Предвидено е активностите на проектот да опфатат 40 локални организации од руралните средини, просечно 5 граѓански организации во секој од 8-те плански региони во Македонија, вклучувајќи малцинства и повеќе етнички групи. Главниот метод за работа ќе биде обука, коучинг и практично учење, со што ќе се поттикнат руралните граѓански организации кон поголема активност во процесите за донесување на одлуки и создавање стратешки партнерства со локалните и националните власти.





# МИКРО – зголемување на конкуретноста на микропретпријатија во рурални средини





Здружението Институт за развој на заедницата - Македонија, во рамките на своите активности за поддршка и развој на претпријатијата од руралните средини во Република Македонија, во соработка со своите партнери од Ирска, Шпанија, Грција и Италија, работи на спроведување на проектот "МИКРО – зголемување на конкуретноста на микропретпријатија во рурални средини". Проектот е поддржан од Еразмус + програмата на Европската Унија.

Проектот МИКРО, преку иновативен пристап, го поттикнува развојот на основни и трансверзални вештини како што се претприемништвото, способноста за функционирање во внатрешниот пазар на ЕУ и само-вработувањето. Иновативниот метод на МИКРО се потпира на неговиот пристап "од дно-нагоре" поттикнат од побарувачката, притоа консолидирајќи ја експертизата од практиканти на стручно образование и обука, како и од експерти во соодветната област.

Иновативниот метод исто така се потпира на отворениот пристап кон искористувањето на резултати, така што МИКРО станува отворена платформа не само за обука и градење на капацитети, туку и за вмрежување, олеснување на преку-гранична размена и соработка, и идентификација на партнери за рурални микропретпријатија од земјите членки на ЕУ.

Во текот на имплементацијата, МИКРО го поддржува развојот на високо квалитетни работно-ориентирани решенија од областа на стручното образование коишто би можеле да да бидат имплементирани во постоечките микропретпријатија со цел да се зајакне нивната конкурентност.

Повеќе информации за проектот можете да најдете на следната интернет страница:
http://www.microsmetraining.eu

Erasmus+

# Дејствувањето на Рурална Коалиција – Куманово во граѓанскиот сектор



► **Успешната реализација и финализирање на проектот** "Пазарна *економија и институционални капацитети*", беше одбележана со одржување на завршна презентација на резултатите постигнати во проектот и предизвика широка медиумска застапеност. Беа одржани 5 јавни дебати во 5 плански региони и 5 градови на територијата на државата (Куманово, Струмица, Гостивар, Струга, Прилеп) при што на заедничка маса институциите и земјоделците ги разгледуваа меѓусебните односи, капацитети, ефикасноста и ефективноста во работата на институциите и давањето на услуги, како и колку двете страни имаат влијание во формирањето на односите во пазарната економија. Дополнително беше направена детална анализа на работењето на 5-те клучни институции во секторот земјоделство и рурален развој (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенција за поттикнување на развојот во земјоделството, Агенција за храна и ветерина, Државен земјоделски инспекторат) од аспект на давањето на услуги, ефикасност, ефективност, транспарентност, достапност до граѓаните во ко-релација со бројот на вработени на секоја институција и годишниот буџет или средства со кои што институцијата располага за оперативно работење; Публикуваната анализа со препораки до институциите кои што произлегоа директно од страна на земјоделците за подобрување на нивното работење беше крајниот финален резултат на проектот. Анализата беше доставена од институциите и истата и електронски е достапна на следниов линк: http://rural.mk/proekti/realizirani/pazarna-ekonomija-i-institucionalni-kapaciteti/ Додадена вредност на проектот беше изработката на мапа на институции која што ќе им користи на земјоделците во секое време да може да ги идентификуваат надлежностите на поеделните институции како не би лутале од шалтер на шалтер доколку имаат потреба да остварат некое свое право или пак обврска. Проектот беше финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество Македонија.



► **Промоција на брошурата** "*Законите ги има, примената ја нема – Законот за земјоделство и рурален развој – основа за развој на конкурентно земјоделство*" која што во себе ја содржи анализата на Законот за земјоделство и рурален развој ставајќи акцент на оние законски одредби кои што најмногу ги засегаат земјоделците и од кои што тие ги влечат своите права и обврски, а се со цел истите да им бидат што е можно подобро познати како би можеле да се повикуваат на нив секогаш кога ќе се јави потреба за тоа во нивната комуникација со институциите или пак во делот на регулирањето на нивните односи со откупувачите и крајните потрошувачи. Брошурата беше краен производ на 8-месечните активности на

Рурална Коалиција кои што таа ги реализираше во рамките на проектот “Законите ги има, примената ја нема“, а кој што беше финансиски поддржан од страна на проектот ИПА 2 Механизм за граѓански организации спроведуван од ЕВРОТИНК, Еко-свест, Реактор и Зенит во процесот на подгрантирање, а во рамките на ИПА Програмата за граѓански организации и медиуми 2014. Брошурата со развиени насоки за подобрена имплементација на Законот за земјоделство и рурален развој, опфаќајќи го и теренското истражување за познавањето на истиот од страна на земјоделците е достапна на следниов линк: http://rural.mk/proekti/realizirani/zakonite-gi-ima-primenata-ja-nema/







► Рурална Коалиција успешно го заврши процесот на **креирање на стратегија за организациски развој за периодот 2018-2020,** кој што опфаќаше и ревизија на досегашната визија, мисија и начин на дејствување на организацијата. Процесот беше сеопфатен и истиот започна во февруари 2016 со идентификување на потребите на организацијата и целните групи за да потоа влезе во еден обемен процес на скрининг на капацитетите на Коалицијата како мрежа, капацитетите на организациите-членки на Коалицијата, како и анализа на човечките и технички ресурси со кои што располагаат како Коалицијата, така и нејзините членки. Процесот беше менториран од домашна и странска експертиза во областа, а со целосна техничка и логистичка поддршка од ТАКСО канцеларијата во Македонија и истиот заврши во јуни оваа година, а опфаќаше 2 работилници со странски експерт во делот на мрежи и коалиции, потоа оформување на работни групи за изготвување на различни делови од стратегијата со домашен ментор, при што беше одржана 1 тродневна работилница и 3 работни средби на групите кои што директно учествуваа во изработката на стратешкиот документ. Предвидено е стратегијата да биде усвоена на Годишното собрание на Коалицијата во септември –октомври оваа година и да се отпочне со нејзината имплементација од наредната 2018 година.



Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.14
Јули 2017

# Едукација на индивидуалните земјоделски производители за користење на стандардизиран семенски и саден материјал



Здружението на производители на градинарски и цвеќарски видови „ХОРТИ ЕКО“, од с. Добрејци, струмичко, започна да го спроведува проектот „Едукација на индивидуалните земјоделски производители за користење на стандардизиран семенски и саден материјал“, кој е финансиски поддржан од општина Струмица.
Во соработка со комуналното претпријатие Комуналец од Струмица, беа разубавени неколку делови од Струмица со саден материјал од видовите цвеќиња: Pelargonium zonale, Begonija semmerwingse daerk elegance, Calibrachoa superbells double ruby, Surfinia table dark red. Во проектот се вклучени млади од руралните средини во регионот на Струмица кои имаат можност да научат повеќе техники на садење и одгледување стандардизиран семенски и саден материјал. Беа вклучени и учениците од насоката „хортикултура“ во СОУУД „Димитар Влахов“, Струмица, кои имаа можност да стекнат практично искуство, под менторство на неколку професори и Комуналното претпријатие Комуналец од Струмица. Една од целите на активностите е да се зголеми свеста кај младите за производство и користење на стандардизиран семенски и саден материјал.











Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Посета на фестивалот Златен Грозд во Мелник





Во организација на здружението „Хорти Еко“ од Струмица, на 12 февруари, 2017 год., 55 земјоделци од струмичкиот регион го посетија фестивалот Златен Грозд во Мелник, Р Бугарија. Присутните на манифестацијата имаа можност да дегустираат различни видови на вино од домашни сорти на грозје, правено по стари традиционални рецепти, како што е познатото Мелничко вино од сортата „Широка мелничка лоза “.

Фестивалот го заживеа гратчето во кое пристигнаа стотици гости од земјата и странство, за да пробаат од црвениот еликсир и да уживаат во магијата на мелничките песочни пирамиди. Целта на овој фестивал е афирмација на виното како национален производ и развој на регионот како дестинација за вински туризам, што ќе придонесе кон зачувување на традицијата и подобрување на условите на руралниот живот.

# Во Солун одржан 10-тиот Меѓународен саем за сточарство и живинарство – Зоотехниа 2017

Група од 75 земјоделци од Македонија во организација на здружението „Хорти Еко“, од с. Добрејци, струмичко, на 04.02.2017 присуствуваа на 10-тиот Меѓународен саем за сточарство и живинарство – Зоотехниа 2017 во Солун, Грција. На саемот земјоделците имаа можност да се запознаат со новите технологии кои се применуваат во сточарскиот сектор, а беа презентирани и најновите светски достигнувања во делот на земјоделска механизација, опрема и репроматеријали. Целта на саемската посета беше да се разменат искуства и идеи, да се демонстрира практична примена на новите техники и технологии во аграрот, да се прошири и поттикне нивната примена и кај нас, да се оствари соработка и партнерства, како и да се реплицираат иновативни начини на производство.

# Активности реализирани од ЛАГ Скардус

ЛАГ Скардус во изминатиов период успешно го реализираше проектот „Соларна сушара". Целта на проектната идеја е одржливо и корисно управување со природните ресурси преку користење на сончевата енергија. Во рамките на проектот е набавена соларна сушара за сушење на овошје, зеленчук, лековити билки и чаеви со капацитет од 120кг. Проектот е подржан од АИРЕ и Швајцарската амбасада.



На 23 март, 2017 год. во просториите на општина Јегуновце, како дел од завршната конференција на проектот "Експанзија на мали бизниси" беше одржана промоција на сушарата и обука за нејзино користење. Настанот беше медиумски поддржан од два локални медиуми. Повеќе за настанот можете да погледнете на:

https://youtu.be/K9wCd3TjDQg
https://www.youtube.com/watch?v=YTgXEY38PE8



ЛАГ Скардус го одржа своето Прво Собрание на 25 мај 2017 година во просториите на општина Јегуновце. На Собранието учествуваа членките на ЛАГ-от и други заинтересирани подржувачи на ЛАГ-от.

Во тек е реализација на проектот „Обновива енергија – Еколошки производ".Целта на проектната идеја е одржливо и корисно управување со природните ресурси преку користење на обновлива енергија. Проектот е подржан од АИРЕ и Швајцарска Амбасада. Времетраењето на проектот е од јули до септември 2017 година.

Повеќе за работата на ЛАГ Скардус можете да прочитате на https://www.facebook.com/lagskardus/ http://leaderjt.simplesite.com/

# Тимот на ЦеПроСАРД успешно го реализираше проектот Polog Energy Net

Како дел од активностите кои ги спроведува ЦеПроСАРД со Центарот за Развој на Полошкиот Плански Регион, а во рамките на проектот Polog Energy Net на 26.05.2017година во Гостивар, се одржа завршен настан за значењето и потребата од интегрираното управување со енергија во Полошкиот плански регион.





На настанот беа презентирани практични примери за енергетска ефикасност вклучени во Водичот за интегрирано управување со енергија. Заинтересираните учесници имаа можност да ја посетат подвижната лабораторија „Еко-караван". Пред учесниците на настанот и претставниците на Регионална мрежа за интегрирано управување со енергија (ИУЕ), г-ица Нертила Дика ја промовираше важноста на користењето на обновливи извори на енергија и спроведување на енергетска ефикасност.

Проектот PologEnergyNet се имплементираше во рамки на проектот „Зајакнати граѓански организации за партиципативно транспонирање и спроведување на ЕУ 2020 пакетот за енергија и клима" финансиран од Европската Унија, како суб-грант од Милиеуконтакт Македонија, Фронт 21/42 и Институтот за обука КОЦКА.



https://www.youtube.com/watch?v=X2WwdrdMrXQ

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=334

# Балкански базар на домашни ракотворби

Во организација на Здружението на уметници ракотворци АРТИ КРАФТ - Скопје и општина Чаир, од 3-ти до 6-ти мај, 2017 год., на плоштадот Скендер Бег во Скопје, се одржа Балканскиот базар на домашни ракотворби. Повеќе штандови беа украсени со уметничките ракотворби на ракотворци од земјава и регионот, привлекувајќи бројни посетители.

Во рамки на програмата, на 5-ти мај беше организирана модна ре-








вија насловена како „Етно тренд“ во која учествуваше модното студио Етно Беба од Куманово. Од своето формирање во 2001 год. до денес, Етно Беба прерасна во лидер во изработка на современа облека инспирирана од македонската традиција и фолклор.

„Согледувајќи ја потребата од зачувување на културното обележје на Куманово, со самото формирање и искуство, Етно Беба, пристапи кон изучување, изработка и презентација на креативни уметнички ракотворби и сувенири, кои со својата разновидност ја одразуваат нашата култура, обичаи и имаат долга традиција на нашите простори.“ - истакна Гордана Митровска Беба.

На настанот беше претставена и колекцијата насловена „Златни ноти“ на Драгана Стојковиќ, од Ужице.

# Национален комитет за семејно земјоделство НКСЗ



ИРЗ Тетово во рамките на своите програмски активности во партнерство со Мрежата за рурален развој на РМ и Федерација на фармери на РМ го спроведува проектот за формирање на Национален комитет за семејно земјоделство. Проектот е подржан од Светски Рурален Форум и Цивика Мобилитас.

Во рамките на проектот одржана е работилница за Внатрешна структура на НКСЗ во Хотел Романтик - Велес од 14-16 март 2017.

Учесниците на работилницата работеа на две теми "Организациона поставеност и канали на комуникација" и „Спецификации на семејното земјоделство и улогата". Резултатите од работилницата се споделени со учесниците на работилницата и се усвоени на првото Собрание на НКСЗ.

Од страна на МРР на РМ беше спроведено истражување за состојбата на семејното земјоделство во РМ. Резултатите од истражувањето беа прикажани на првото Собрание на НКСЗ.




NCFFM

Националниот комитет за семејно земјоделство (НКСЗ) на Република Македонија, во рамките на своите програмски активности, во текот на месец Септември 2017 година ќе организира 4 обуки со цел да ги зајакне капацитетите на лицата и здруженијата/организации кои се директно вклучени во работа на семејните земјоделски стопанства, или истите ги помагаат. Повеќе информации на следната интернет страница:

www.ncffm.mk/aplikacija

Во периодот од 25-26 мај 2017, во Скопје, ФФРМ организираше Работилница за Стратешко планирање, на која беа направени СВОТ и ПЕСТ анализите и беа дефинирани стратешките цели на Комитетот.

Сратешкиот план беше усвоен на Првото Собрание на Комитетот кое се одржа на 29 јуни 2017 на Факултетот за земјоделски науки и храна. Воедно беше потпишана и декларација за формирање на НКСЗ.

Во месец септември во рамките на проектот ќе се одржат 4 дводневни работилници на кои сите заинтересирани ќе можат да се пријават со пополнување на апликација на интернет страницата на НКСЗ.

Повеќе информации за проектот можете да најдете на www.ncffm.mk

# Скопје травел маркет 2017




Седмиот меѓународен саем за туризам **СКОПЈЕ ТРАВЕЛ МАРКЕТ 2017** беше во организација на Скопски саем во пратнерство со Стопанската комора за туризам на РМ и Мрежата за рурален развој на Република Македонија, а се одржа во периодот од 6 до 8 април 2017 год.

На саемот во кој учествуваа туристички агенции и тур-оператори, хотели од Македонија, компании за производство на хотелска опрема, имаа можност да се претставaт дел од Локалните акциски групи како и членките на Мрежата кои работат на зачувување и промоција на традиционалните занаети. Учесниците го искористија настанот за промоција на своите региони пред посетителите и за остварување на средби, нови контакти и партнерства со претставниците на бизнис секторот и локалната самоуправа.

Учеството на чинителите на саемот, беше финансиски поддржано од проектот АЛТЕР – Активни


















локални територии за економски развој во руралните средини, кој има цел да го зајакне капацитетот на граѓанските организации кои придонесуваат кон одржлив социо-економски развој во руралните средини во Западен Балкан и Турција, за да учествуваат активно во креирањето и спроведувањето на политиките, да изгради силно граѓанско општество во руралните средини и да го зголеми регионалниот развој преку вмрежување и соработка.

# Одржана работилница за подготовка на стратегија и акционен план на БМРР



Од 15-ти до 17-ти мај 2017 година, во Скопје, беше организирана работилница за изработка на 5-годишна стратегија на Балканската мрежа за рурален развој и 2-годишен акционен план. Претставниците на мрежите за рурален развој од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Албанија, Косово и Македонија, како членови на БМРР, работеа заеднички, да развијат стратешки документ и да ги предвидат активностите потребни за постигнување на стратешките приоритети. Работилницата беше поддржана од We Effect како дел од активностите кои ги спроведува Мрежата за рурален развој на Република Македонија во рамките на проектот «Поддршка на Балканската мрежа за рурален развој - БМРР како функционална регионална платформа за соработка на руралните мрежи». Активностите на проектот се фокусираат на градење на капацитетите на Балканската мрежа за рурален развој (БМРР), со цел значително да се зголеми способноста на нејзините организации членки, кои играат водечка улога во одржливиот социо-економски развој, да соработуваат со владите и да влијаат врз политиките и процесите на донесување одлуки во руралните средини. Активностите за градење капацитети за БМРР се однесуваат на внатрешно управување, финансиско управување и управување со проекти, долгорочно планирање, диверзификација на финансирањето и вмрежување. Силен фокус на проектот е ставен на поддршката на руралните жени во процесот на градење на капацитетите и инклузивно вмрежување, како основа за намалување на негативното влијание на недостатоците што се јавуваат во руралните средини.





# 38. Собрание на Постојаната работна група и средба на мрежите за рурален развој од Југоисточна Европа

Мрежите за рурален развој од Република Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово, како членки на Балканската мрежа за рурален развој, беа поканети од страна на Постојаната работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа - SWG, да учествуваат на 38-та собраниска седница на SWG, одржана во периодот од 9-ти до 12-ти април 2017 година во Љубљана, Словенија. Собранието беше организирано со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и храна на Словенија.





На Собранието, членовите на БМРР имаа можност да ги презентираат своите мрежи и Балканската мрежа за рурален развој пред делегатите на SWG. Во рамките на настанот, БМРР имаше свој состанок на кој се разговараше за сегашните и планираните активности. Претставникот на Мрежата за рурален развој на Република Македонија го презентираше проектот «Поддршка на Балканската мрежа за рурален развој - БМРР како функционална регионална платформа за соработка на руралните мрежи во Западен Балкан, финансиран од We Effect и ја најави претстојната работилница за стратешко планирање.

# LEADER / CLLD собир:

## „Улогата на пристапот „од долу-нагоре“ за обновување на Европските структурни и инвестициски фондови за 2021-2027



Мрежата за рурален развој на Република Македонија, како членка на ЕЛАРД - Европска лидерска асоцијација за рурален развој, учествуваше на собирот LEADER / CLLD: «Улогата на пристапот од дното нагоре за обновување на ЕСИ фондовите за 2021-2027», што се одржа на 31 мај во Брисел.

Главната тема на собирот беше обновувањето на политиката за рурален развој за програмскиот период од 2021-2027 година, додека панел-дискусијата беше фокусирана на зајакнување на пристапот „од долу нагоре“ и учеството на локалното ниво. Собирот беше одлична можност за претставникот на МРР да научи од искуството на Европските земји во имплементацијата на LEADER и CLLD, како и да ја адресира потребата на руралните чинители во Македонија за поголемо практично знаење и поддршка во развојот на капацитетите за спроведување на LEADER пристапот.

Околу 50 учесници присуствуваа на собирот, претставувајќи Локални акциски групи (ЛАГ) и LEADER мрежи, членови на Европскиот парламент, Европската комисија, Европската мрежа за рурален развој, соработници ширум Европа итн.





Организатори:

LEADER ESTONIA

MAAMAJANDUSE INFOKESKUS

Eesti Leader Liit

Republic of Estonia Ministry of Rural Affairs

Comité économique et social européen
European Economic and Social Committee

European Rural Parliament

Co-funded by the Europe for Citizens Programme of the European Union

Under the auspices of the Secretary General of the Council of Europe, Mr Thorbjørn Jagland

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

ELARD